**Одлука бр.6**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на ден 19.12.2022 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за определување на критериуми за избор на јуниорски репрезентативци на Северна Македонија во 2023 година**

**Член 1**

При изборот на репрезентативци за јуниорските селекции на Северна Македонија за настап на:

- Европски Индивидуален Шампионат за јуниори и јуниорки до 14,
- Европски Индивидуален Шампионат за јуниори и јуниорки до 16
- Европски Индивидуален Шампионат за јуниори и јуниорки до 18 години,
- Источно Европскиот Шампионат за јуниори и јуниорки до 14 години и
- Балкански Јуниорски Игри за јуниори и јуниорки до 14 години
- Летните купови на Теннис Еуропе до 14, 16 и 18 години

одлучуваат следните критериуми:

1. Државниот првак има обезбедено место во јуниорската репрезентација која ќе настапува на Европските Индивидуални Шампионати и Летните купови до 14, 16 и 18 години
2. За вторите играчи за Европските Индивидуални Шампионати и Летните купови за јуниорите и јуниорките во категориите 14 и 16 години критериуми се:
    - пласманот на Теннис Еуропе ранг листата до 150-то место
    - пласманот на ранг листа на ТФСМ
3. За вторите играчи за Европскиот Индивидуален Шампионат и Летниот куп за јуниори и јуниорки до 18 години критериуми се:
    - пласманот на Интернатионал Теннис Федератион ранг листата до 300-то место
    - пласманот на ранг листа на ТФСМ

**Член 2**

При изборот на репрезентативци за јуниорските селекции на Северна Македонија за настап на:

- Источно Европскиот Шампионат за јуниори и јуниорки до 14 години и
- Балкански Јуниорски Игри за јуниори и јуниорки до 14 години

одлучуваат следните критериуми:

4. за јуниорите и јуниорките во категорија до 14 години
- пласманот на Теннис Еуропе ранг листата до 150-то место
- пласманот на ранг листа на ТФСМ

**Член 3**

Јуниорскиот комитет со неговите членови и спортскиот директор со едногласна одлука можат да изберат одреден тенисер надвор од критериумите наведени во Член 1 и Член 2 од оваа одлука, исклучиво во ситуација ако сметаат дека некој од тенисерите има ниво подобро иако не ги исполнува наведените критериуми. За истата одлука потребно е да го информираат Управниот одбор.

**Член 4**

Сите репрезентативци кои се избрани за настап на горенаведените Шампионати се должни да учествуваат на истите како и на подготовки во организација на ТФСМ.

**Член 5**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2023 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2022 година